Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
**Ип 1 бр. 57-29**
**Датум:27.04.2022 година**

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,
______

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка | |
| Банка депонент | |
| Субјект на надзорот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: корисник | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 19.04.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 20.04.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13.45 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК)** | | |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | / | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Наредба од раководителот на СУИН на МК, ИП 1 бр. 57-29 од 05.04.2022 г., а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК, бр. 22-3046/1 од 14.03.2022 година и е предвиден со месечниот план за работа на СУИН на МК за месец април бр. 57-49/4 од 05.04.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: [redacted] виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 105.000 денари (од вкупно доделените 150.000 денари), согласно со Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на интердисциплинарната дејност за 2021 година, како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не присуствуваше субјектот на надзорот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] | [redacted] | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не присуствуваа други лица.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

- По поднесената Пријава бр. УП1 21-3163 од 12.11.2020 г. на годишниот конкурс за учество во финансирање проекти за од областа на интердисциплинарната дејност во 2020 г., со Решение на министерот за култура УП1 бр. 21-3163/2020 од 23.02.2021 г., прифатен е проектот на [redacted] од Скопје: „Црнонебиот град (илустрирана анимација)", а за финансирање на проектот доделени се средства во износ од 150.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 21-4698/1 од 23.04.2021 г., за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на интердисциплинарната дејност за 2021 година, со кој што се одобрени 150.000 денари, наменети за реализација на проектот „Црнонебиот град (илустрирана анимација)".

На 04.05.2021 г., корисникот доставил Барање за исплата на финансиски средства, заведено во МК под бр. 21-5560/1, со Изјава за наменско користење на одобрените средства, како и образец за оперативен и финансиски план од 19.04.2021 г., за користење на буџетските средства за реализација на проектот. Притоа, корисникот во прилог на планот доставил и доказ, односно потврда за обезбедени финасиски средства и од други извори на финасирање на корисникот, а што е обврска по член 3 став (1) алинеја 2 од Договорот.

Притоа, во доставениот Оперативен и финансиски план предвидено е проектот да се реализира во период од 01.04.-01.09.2021 г., а одобрените средства за проектот од вкупно 150.000 денари да бидат потрошени

- за авторски хонорар за изведба на 20-тина претходно концептирани слики, цртежи и илустрации (прв дел), 30.000 денари

- организација и материјали, 14.000 денари

- снимање на наратив и улоги (аудио), 10.000 денари

- изведба на актери (читање и глума) 36.000 денари

- монтажа и постпродукција (прв дел), 15.000 денари

- изведба на 20-тина претходно концептирани слики, цртежи и илустрации (втор дел), 30.000 денари

- монтажа и постпродукција (втор дел), 15.000 денари


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

- Врз основа на Решение за преведување на средства бр. 21-4698/2 од 18.05.2021 г., на раководителот на Сектор за дејности од областа на културата и уметноста на МК на 21.05.2021 г., на трансакциската сметка на корисникот преку Авторската агенција „Веда“, авансно се преведени средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од 95.460 денари нето, по одбивањето на персонален данок од доход и провизија на преведени средства од МК.

- При инспекцискиот надзор корисникот изјави дека Проектот „Црнонебиот град“ (илустрирана анимација) е реализиран како самостојна проекција (мултимедиумска) и е прво дело од овој вид произведено во нашата земја. Процесот на работа бил составен од визуелен дел (илустрации и видео ефекти) и аудитивен дел (музика, нарација и дијалози) создавајќи целосно дело (илустрирана анимација). Текстот (сценариото) бил снимен како интеракција на нарација (раскажување) и дијалог, а самото снимањето било реализирано со професионални актери, домашни уметници и луѓе со долгогодишно искуство во нивната работа, за што биле склучени и договори. Исто така, објасни дека музичката композиција на проектот е оригинално дело составено од мелодии и ефекти кои го придружуваат визуелниот аспект (оригинални остварени илустрации и нивна преработка преку ефекти) заедно со нарацијата и дијалогот. Двете поглавја од книгата (“Свет кој умира” и “Рузмарин”) се визуелизирани и синхронизирани и претставуваат две целосни поглавја (епизоди) од делото *Црнонебиот град* на корисникот. Илустрираната анимација “Црнонебиот град” е научна фантастика која се доживува како еден расказ од еден далечен свет и време, кога светот некогаш бил пред уништувањето, а луѓето се труделе да го спасат со последни сили.

Според презентираната документација при надзорот, преведените средства се потрошени за исплата на хонорари по авторски договори и тоа:

-50.360 денари од преведените средства се наменети за потребите на корисникот од кои 35.160 денари, се наменети за организација и координација при рализација на Проектот, а 15.200 денари се наменети за читање и глума за првиот дел од илистрираната анимација;

-27.000 денари, се исплатени на трансакциска сметка на лицето [redacted] професот по цртање и графички дизајн, по договор за креирање на оригинални цртежи за две поглавја – епизоди (прв дел);


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

-8.100 денари, се исплатени на трансакциска сметка на лицето [redacted] сниматеп, по договор за изнајмување на студио за снимање и синхронизирање на нарација и дијалози;

-10.000 денари се исплатени на трансакциска сметка на лицето [redacted] Челику, актер, по договор за изведба на синхронизација на глас за дијалог за прв дел од илистрираната анимација;

За исплатените средства, корисникот презентираше Банковен извод од својата трансакциска сметка.

Инаку, за рализација на Проектот, корисникот има обврска во вкупен износ од 64.800 денари по склучени договори и тоа:
- 27.000 денари кон лицето [redacted], монтажер и видео едитор за монтажа и постпродукција на првиот и вториот дел од анимацијата;
- 10.800 денари кон лицето [redacted], актер за синхронизација-нарација за прввиот дел од анимацијата;
- 27.000 денари кон лицето [redacted] професот по цртање и графички дизајн, за креирање на оригинални цртежи за две поглавја-епизоди (втор дел);
Додека, МК согласно со Договорот има неисплатена обврска во износ од 45.000 денари.
Како доказ дека проектот е реализиран на увид при инспекцискиот надзор корисникот презентираше два аудио и видео ЦД записи и видео запис со илустрираната анимација на УСБ. При прегледувањето на видео анимацијата утврдено е дека истата е со титлуван превод на англиски јазик, но не и на македонски литературен јазик и неговото кирилско писмо, а што е обврска по член 5 став (1) алинеа 7, а в.в. со член 7 од Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на РМ" бр. 98/05, 89/08, 116/10, 187/13, 152/15, 192/15 и 193/17), доколку анимацијата се објавува, односно јавно се прикажува. Оттука, имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во членот 14 од Законот за инспекциски надзор, на корисникот усно на записник му беше укажано за обврската од превод на снимениот аудио материјал на анимацијата и на македонски литературен јазик со кирилско писмо и доставување на увид на инспекторот.

- При надзорот е утврдено дека проектот „Црнонебиот град" (илустрирана анимација) **е реализиран од страна на корисникот**, а преведените средства во износ од 95.460 денари се потрошени наменски согласно со член 68 став (1) ос ЗК


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

како и оперативниот и финансиски план за реализација на проектот кој што е составен дел од Договорт. Притоа, корисникот го реализирал проектот заклучно со 20.11.2021 година, додека, согласно со член 7 став (1) од Договорот, министерството за култура има обврска целосно да го исплати преостанатиот дел од одобрените средства во износ од 45.000 денари.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 9 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација, со соодветна документација во прилог, при надзорот е утврдено дека е постапено.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**
**-не се констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзорот, односно корисникот.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот, од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, од страна на инспекторот ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

-Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: ______________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на субјектот на надзор, корисник | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br><br>виш инспектор | |
| Датум: | 28.04.2022 г. | Датум: | 26.04.2022 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk